Република Северна Македонија

**КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА**

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut

**KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI**

Постапувајќи по претставката бр. 08-15/1 од 4.1.2023 година, поднесена од [redacted] против Министерство за правда и Комората на извршители на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 16.2.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-15/5
17-02-2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**Образложение**

На 3.1.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] против Министерство за правда и Комората на извршители на РСМ, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност во областа на правосудство и управа.

Подносителот на претставката најпрво наведува дека заедно со неговата фамилија имаат бугарско, српско и македонско државјанство. Бидејќи во 1993 година во својот хотел го примил првиот бугарски амбасадор во Македонија - [redacted], а подоцна во 2004 година и поранешниот министер за одбрана на Р. Бугарија – Красимир Каракачанов, тврди дека со години трпи дискриминација од македонските институции.

Имено, незадоволен од работата на извршителката [redacted], подносителот поднел претставка до Министерството за правда. На ден 4.3.2022 година од Министерството за правда добил Известување УПП бр.09-5 со кое бил известен дека бил извршен вонреден надзор на работата на извршителката и биле утврдени неправилности во работењето. Исто така било наведено дека ќе поднесат и предлог до дисциплинската комисија при Комората на извршители на РСМ, со цел поведување дисциплинска постапка. По поднесени три ургенции до Министерството, а поради неповедување дисциплинска постапка, на 2.11.2022 година Министерството за правда му доставило одговор каде наведуваат дека во врска со неговото барање , од страна на Комората на извршители на РСМ до нив е доставено Решение од дисциплинска комисија со кое е утврдено дека не е сторена дисциплинска повреда од страна на извршителката [redacted]

Согласно наводите и барањата од претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во надлежностите на Комисијата. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да врши надзор над и да ја оценува работата на извршителите. Согласно Законот за извршување, надлежен орган за вршење надзор над работата на извршителите, а воедно и надзор над работата на Комората на извршители, е Министерството за правда, од кое [redacted] веќе има добиено повратен одговор и разрешница во врска со поднесениот приговор.

Законската дефиниција на дискриминација е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) и гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или*

*резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други***".

Членот 5 од истиот Закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Од горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека во конкретниот случај не се работи за сторена дискриминација.

16.2.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата

Исмаил Камбери

Доставено до:
[redacted]